# ИЗВЕШТАЈ

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА

2020

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА**
ул. Димитрие Чуповски бр.13 1000 Скопје
Македонија
www.orm.org.mk

# Содржина

ВОВЕД ..... 2
1. Состојба на бипартитниот социјален дијалог и Колективните договори ..... 4
2. Соработка и учество на ОРМ со институциите ..... 4
Работењето на ОРМ во Економско социјалниот совет во 2020 година ..... 4
Министерство за труд и социјална политика ..... 8
Министерството за образование и наука ..... 13
Агенција за вработување на Република Северна Македонија ..... 13
Фонд за пензиско инвалидско осигурување ..... 13
Останати засегнати страни ..... 13
▪ Два члена на ОРМ во Насочувачкиот одбор на проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (TRAIEE) ..... 14
3. Работата на Управниот одбор на ОРМ во 2020, заклучоци, ставови и прашања за актуелни проблеми и други активности ..... 14
4. Медиумска присутност и прес-конференции ..... 14
1. Добиени решенија за репрезентативност на ОРМ на национално ниво и по гранки ..... 20
2. Учество на меѓународна конференција ..... 21
3. Активности на ОРМ по проекти ..... 21
▪ Проект “Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како поддршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ" ..... 21
▪ Проект „Премостување на меѓугенерациски јаз - Развој на иницијативи на социјалните партнери за управување со предизвици поврзани со возраста“ ..... 22
▪ Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“ ..... 23

## ВОВЕД



Извештајот за работењето на ОРМ во оваа изминатa необична 2020 година, година на светска криза, пандемија КОВИД-19, го започнуваме со обраќањето на Ангел Димитров Претседателот на Организацијата на работодавачи на Македонија упатено на крајот на март, 2020 година.

Почитувани колеги - работодавачи!

Во ова време, кога постои сериозна закана по човечките животи, семејни трагедии како и социјално-економското разградување на државата сакам да Ви се обратам и да Ве охрабрам да издржите со проблемите кои ги донесе вирусот COVID-19.

Нашето однесување и мерките кои ги превземаме се од огромно значење за државата, затоа што покрај нашите вработени, вработените во здравството, полицијата, војската и другите институции кои се неопходни во овој момент исто така чекаат плата.

Најпрвин неопходно е да ги почитуваме сите мерки и препораки кои доаѓаат од надлежните органи за да се спречи ширењето на заразата за да се справиме што по безболно со овој предизвик.

Организацијата на работодавачи е во постојан контакт со владините преставници и навреме ќе Ви ги доставуваме сите мерки, препораки и Одлуки на Владата и другите институции за да навреме пристапите кон нивната примена.

Од вчерашната прес конференција на Министерката за финансии јасно е дека Владата е свесна дека покрај решавање на проблемот со ширењето на вирусот и одржување на здравствениот систем, неопходна е државна помош за спас на економијата.

Во ова време на страв и паника секојдневно сме соочени со разни постови на социјалните мрежи каде некои граѓани упатуваат неосновани и паушални критики на бизнисот, како бизнисмените да се главните кривци за настанатата состојба.

Не нарекуваат олигарски, богаташи и најчесто „газди“ со толку голема омраза и дури се ситат на проблемите на компаниите и би биле среќни сите да се затворат.

Веројатно овие луѓе никогаш не влегле во фабрика и мислат дека буџетот се полни од министртите и од партијата на власт. Некои велат дека и граѓаните учествуват во полнењето на буџетот со тоа што плаќаат ДДВ при купувањето на стоките во самопослугите, но забораваат

дека граѓаните мораат да земат плата за да отидат до продавница. Го гледаат профитот на Телеком, банките, компаниите во ТИРЗ-овите, монополите, меѓу кои има и такви фирми кои немаат ниту еден вработен, а остваруваат профити од неколку десетици милиони евра, ама несвесно или злонамерно ги занемаруваат фирмите кои едвај издржуваат од први до први и микро и малите претпријатија кои учествуваат со 90% во нашата економија. За жал вакви небулози шират и некои т.н. експерти дури и повикуваат на враќање на социјализмот и работничкото самоуправување. Нека свикаат референдум за промена на системот на управување и јас ќе гласам ЗА. Но мораат да сватат дека во капитализмот развојот на државата се заснова на идеите, храброста, пожртвуваноста, знаењето и умешноста на претприемачите, а државата е должна да овозможи добри услови за стопанисување. Впрочем слободата на претприемништвото е гарантирана со Уставот и секој има право да отвори фирма и да биде „газда“.

Верувам во Вас и знам дека во деновите, неделите и месеците кои следат ќе ги носите вистинските одлуки, одлуки засновани на разум, одговорност и свесност за последиците. Не одлучувајте врз база на притисокот од јавноста иако сте свесни дека под тој притисок и некои Влади ги сменија своите одлуки. Проценете колку вашиот бизнис е значаен за државата во овој момент, дали и кога е неопходно да престанете со Вашата дејност, како да ги задржите Вашите вработени на работните места, како да останете финансиски стабилни во идните три месеци за да успеете навреме да исплаќате плата?

Организацијата на Работодавачи на Македонија (ОРМ), во услови на пандемија со КОВИД 19, во текот на 2020 година во рамките и со почитување на препораките дадени од Владата и Комисијата за заштита од заразни болести, реализираше голем број активности кои произлегуваат од остварувањето на предвидените цели и задачи согласно Законот за работните односи, Статутот на ОРМ и Програмата на ОРМ за предвидени активности за 2020 година во вонредни услови.

Во прилог се наведени некои од позначајните активности на ОРМ реализирани во текот на годината:

## 1. Состојба на бипартитниот социјален дијалог и Колективните договори

Преговорите за усогласување за нов Општ колективен договор за стопанството од приватниот сектор ( ОКД ) кој отпочнаа на 18-ти декември 2018 година согласно Спогодбата за измени и допонување на ОКД од 13.07.2015 се во мирување. Една од причините е и забавување на процесот на усогласување и донесување на нов Законот за работни односи, каде што одреден број на членови во ОКД зависат од усогласувањето на членовите на новиот Закон за работни односи (ЗРО). Во 2020 г. работната група која работи на измени и дополнувања на ОКД за приватниот сектор од стопанството по иницијатива на членките како резултат на новите начини на работа во услови на пандемија, работа од дома и остварените финансиски резултати во услови на пандемија Ковид 19 , подготви вондреден предлог текс за преговори за следниве прашања: регулирање на институтот работа од дома и исплата на регрес за годишен одмор. Од страна на ОРМ се покрена иницијатива за преговори со Сојузот на синдикати на Македонија и беа остварени три среби на кои не се постигна договор. Преговорите повторно беа прекинати од страна на синдикатот.

Потпишани и објавени Колективни договори во службен весник се:

Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, Колективен договор (КД) за тутунска индустрија, КД за хемиска индустрија, КД за угостителска дејност, КД за текстилна индустрија, КД за кожарска индустрија, КД за енергетика, КД за земјоделие и прехранбена индустрија, КД за Заштитните друштва, КД за банки, КД за независните регулаторни тела.

## 2. Соработка и учество на ОРМ со институциите

### Работењето на ОРМ во Економско социјалниот совет во 2020 година

Економско – социјалниот совет во текот на 2020 година одржа 8 седници, 56 седница на 31.01.2020, 57 седница на 26.02.2020, 58 седница на 31.03.2020 , 59 седница на 02.06.2020 година, 1 седница на 03.09.2020 година, 2 седница на 26.09.2020 година, 3 седница на 22.10.2020 година и 4 седница на 13.11.2020 година.

Во 2020 година во рамки на надлежностите и функционирањето на ЕСС реализирани се следните активности:

- Разгледување и усвојување на Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година; Разгледување на Седмиот извештај за ревидираната Европската социјална повелба и усвојување на

мислење;Разгледување и усвојување на мислење за Информација за учество на делегација на Република Северна Македонија на 109-та сесија на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2020 година; Презентирање на состојбите и потребите од мерки согласно актуелната состојба и нивното влијание на економски план; Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЕСС за 2020; Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работата на ЕСС за 2019; Презентирање на состојбите и потребите од мерки согласно актуелната состојба и нивното влијание на економски план; Презентација на Четвртиот пакет на економски мерки за надминување на економската криза предизвикана од ширењето на заразата КОВИД-19; Разгледување на Предлог на Закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравственоекономската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година; Дискусија по однос на усвоената иницијатива на ЗЕЛС за недела како ден за неделен одмор.

Годишната програма за работа на ЕСС за 2020 година е усвоена на 57-та седница одржана на 26 февруари 2020 година и истата содржи вкупно 26 точки.

Програмата претставува начелна рамка за предвидување на активности на ЕСС во тековната година, а чија содржина во текот на годината може да биде предмет на менување, во зависност од потребите и волјата на предлагачите, односно носителите на активностите.

Во периодот за кој се известува не се доставени иницијативи од социјалните партнери до ЕСС на разгледување, како и не се доставени стратешки документи до ЕСС на разгледување.

Едно мислење и препорака во однос на закони е доставено од страна на ЕСС до Владата на РСМ.

Од наведените реализирани активности, следните се активности кои не биле планирани/содржани во Програмата за работа на ЕСС за 2020 година, туку се реализирани според потребите на предлагачите, односно носителите на активностите, а се во согласност со Спогодбата[1]: Презентирање на состојбите и потребите од мерки согласно актуелната состојба (Ковид 19) и нивното влијание на економски план, Презентација на Четвртиот пакет на економски мерки за надминување на економската криза предизвикана од ширењето на заразата КОВИД-19, Разгледување на Предлог на Закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравственоекономската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, Дискусија по однос на усвоената иницијатива на ЗЕЛС за недела како ден за неделен одмор и Разгледување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи (во делот на неделниот одмор)

Во однос на степенот на реализација на активностите од Годишната програма за работа на ЕСС за 2020 година, поради настанатата здравствена состојба предизвикана од Ковид-19, дел од планираните активности на Програмата на ЕСС не се реализирани и истите се одложени за во 2021 година

[1] Спогодба за основање на Економско-социјален совет, 25.08.2010 година

Имено, не се реализирани, односно се одложени следниве активности за 2021 година:

- Разгледување на предлог-политиките и акциските планови за унапредување на претприемачката култура и пристапот до финансиски услуги
- Информација за имплементација на Акцискиот план за вработување 2018-2020 година
- Донесување на посебен закон за Единствен регистар за осигуреници од задолжително социјално осигурување
- Разгледување и усвојување на извештаите по однос на ратификуваните конвенции на МОТ
- Разгледување на можност и потреба за изменување и дополнување на Законот за мирно решавање на работните спорови
- Студиска посета на Економско-социјалниот совет на Словенија, избран како најдобар модел врз основа на компаративната анализата, и разгледување на можноста за изменување на Спогодбата за основање на ЕСС или подготовка на ново законско решение
- Разгледување на нацрт-извештајот од следењето на спроведување на економските, социјалните и трудовите реформи – Стратегија за вработување
- Заедничка седница меѓу Економско-социјалниот совет и локалните економско-социјални совети
- Разгледување на можноста за ратификување на Конвенцијата 190 за спречување на насилство и вознемирување на работното место
- Информација за новиот концепт на законот за вработување на лица со попреченост
- Разгледување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа
- Разгледување на Предлог на Закон за социјално претприемништво.
- Разгледување на Предлог Законот за работните односи
- Информација со предлог решенија за реформа во делот на бенефицираниот стаж.

Од законски прописи, разгледан е само еден закон, кој е во надлежност на МФ.

Во согласност со здравствените протоколи на Владата на РСМ за спречување на ширење на зараза со Ковид-19, дел од седниците на ЕСС во 2020 година беа одржани преку видео-конференциска врска, односно само четири седници беа одржани со физичко присуство.

Пет од осум седници во 2020 година ги водеше претседателот на ЕСС, односно министерот на МТСП, додека со три седници раководеше заменик министерот на МТСП.

Во периодот на известување на седниците на ЕСС согласно Спогодбата од 2010 година, не присуствуваше министерот за економија, додека заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори присуствуваше на четири седници, а заменик министерот за финансии присуствуваше на три седници, што претставува значаен чекор напред кон соодветното запазување на нивото на репрезентација на члеnовите од Владата во составот на ЕСС согласно Спогодбата за основање на ЕСС. На една од седниците присуствуваше и техничкиот премиер на Владата на Република Северна Македонија, г-дин Оливер Спасовски.

Постојаните комисии, Комисијата за вработување и политики за пазарот на трудот, Комисија за безбедност и здравје при работа, Комисија за социјална сигурност, Комисија за работни односи и плати, Координативно тело за општествена одговорност и Трипартитна комисија за издавање и одземање на лиценци на помирувачи и арбитри за мирно решавање на работни спорови, во рамки на ЕСС, по утврдување на нивниот состав, се ставија во функција на Советот, при што Предлогот на Ревидирана програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 помина преку Комисијата за вработување и политики за пазарот на трудот пред да биде ставен на седница на ЕСС како точка на дневен ред.

Предизвици за ЕСС

Иако е направен значителен напредок во насока на задолжување на останатите министерства и државни органи за доставување на материјали до ЕСС, сепак како предизвик за ЕСС се уште останува неговата видливост во однос на останатите државни органи и институции, како и во однос на Собранието на Република Северна Македонија. Ова дотолку што законите од економско – социјалната сфера кои се предлагаат до Собранието од други предлагачи, а не од предлагачи како дел од извршната власт, не се доставуваат претходно на мислење до ЕСС.

Понатаму, како предизвик останува доследното почитување на утврдениот состав на членови на ЕСС согласно Спогодбата за основање, односно нивото на репрезентација на членовите на Владата во ова тело.

Препораки

Анализа на постојната правна рамка за функционирање на ЕСС и утврдување на потреба за ревидирање на истата, во насока на надминување на утврдените предизвици.



Министерство за труд и социјална политика

*Придонес на ОРМ во областа на Законот за работни односи*

Во текот на 2020 ОРМ, месец март работната група за ЗРО од ОРМ подготви втори забешеки по предлог текстот на ЗРО, доставен од страна на МТСП. Забелешките беа проследени до МТСП. ОРМ активно учетвуваше во преговорите во работната група при Министерството за труд и социјална политика за измени и дополнувања на Законот за работни односи (ЗРО) со своите претставници Ангел Димитров и Љупчо Фармакоски.

*Придонес на ОРМ во областа на Закон за безбедност и здравје при работа*

Со своите четири претставника , Кире Ицев од Алкалоид, Тодор Седнов од Гранит, Димитар Наумовски ЕВН и Владо Додевски ЗАПОВИМ во Националниот совет за безбедност и здравје при пработа - НСБЗ, ОРМ даде активен придонес во сите активности на НСБЗ.

Имајќи ги предвид тешките и одговорни времиња во кои се наоѓавме со Ковид-19 пандемијата , како докажани партнери и соработници во повеќе активности со Институтот за медицина на трудот на РСМ, СЗО Колаборативен центар, организиравме заедничка активност за подобрување на информираноста на членките на ОРМ за овој актуелен проблем од аспект на безбедност и здравје при работа.
Се организирааа четири едукативни семинари на темата- „Ковид-19 и БЗР перспектива", преку вебинар (зум платформа) :

1. Здравје и безбедност при работа за време на COVID-19 пандемијата-
Проф.д-р Јованка Караџинска Бислимовска Вторник, 30.06.2020 во 12часот

2. COVID-19-Што треба да знаеме за болеста?-
Проф.д-р Јордан Минов Четврток, 2.07.2020, во 12 часот

3. Менталното здравје кај работниците за време на COVID-19 пандемијата-
Науч.сор.д-р Драган Мијакоски Вторник, 30.06.2020 во 12часот

4. Препораки за работодавачите и работниците за заштита од COVID-19-
Науч.сор.д-р Сашо Столески Четврток, 2.07.2020, во 12 часот

## Соработка и иницијативи до Владата

Во насока на навремено информирање, Извршната канцеларија до членките континуирано доставуваше информации за сите одлуки, упатства, препораки донесени од Владата. Сите информации беа поставувани и на веб старната и ФБ страната на ОРМ. Донесените одлуки, упатства, препораки предизвикаа доста нејаностии кај работодавачите. Од страна на работодавачите членки на ОРМ кои секогаш ги следат упатствата на Владата и ги почитуваат законските одредби пристигнаа доста прашања и иницијативи. Извршната канцеларија на ОРМ до Владата и други надлежни институци ги поднесе прашања, укажувања, иницијативи од работодавачите до Влада. Со оглед на големиот број дописи од страна на ОРМ и одговори по истите за кои континуирано беа доставувани информации до членките, во овој извештај наведуваме само некој од нив.

- Барање за процедури за санитарни прегледи на вработените кај работодавачите, произлезено од потреба од вработување на персонал кој работи во производство или промет со храна.
- Изнаоѓање на правно прифатливо решение за спроведување на прегледите по објавување на Решение бр.17-2614/2 од 01.07.2020 издадено од Министерството за здравство со кое се овозможува отпочнување на превентивните здравствени прегледи за вработените кои беа одложени поради пандемијата со КОВИД-19. Поради поминати рокови за прегледи 3, 5 месеци од страна на овластените здравствени установи со кои работодавачите имаат веќе склучени договори поради зголемен обем на прегледи, на работодавачите можеше да им се изречат казни поради не спроведување на обврската за превентивни здравствени прегледи. Како порблем можеше да се појави и поведувањето на судски постапки при повреда на работа поради не спроведени здравствени прегледи.
- Барање за допрецизирање на Уредба за мерка за грижа на дете до 10 годишна возраст. Вработените не доставува комплетна документација за користење на владина мерка за грижа на дете до 10 годишна возраст: има потврда од градинка или училиште, извод од матична книга на родени, лична изјава, меѓутоа нема потврда од сопружник дека за истиот период не ја користи истата мерка. Со оваа недореченост во Уредбата, се соочувавме со проблемот или можноста двајцата сопружници да ја користат мерката кај двајцата работодавачи. Воедно секој од работодавачите е во позиција да мора да ја почитува уредбата за ослободување од работни обврски за користење на владина мерка за грижа на дете до 10 годишна возраст. Во уредбата не е наведено дека вработениот треба да донесе потрда дека другиот сопружник не користи владина мерка за дете во истиот период. А во личната изјава, вработениот не ја наведува компанијата во која работи сопружникот, или пак работи на црно.
- Барање за задолжително ротирање на сопружниците за користење на владина мерка за грижа на дете до 10 годишна возраст. Вработените во некои компании не сака да се ротираат со сопружникот за користење на владина мерка за грижа на дете до 10 годишна возраст. Во овој случај само едната компанија го понесуваше теретот.
- Вработените кои се плашат од ситуацијата и неоправдано отсуствуваат од работа, и ако им прекине работниот однос без отказен рок, за кој воедно се во целост исполнети условите, фирмата е ставена во незавидна позиција бидејќи ќе нема право на субвенции. Истото не беше придвидено во Уредбата за субвенционирање. Односно согласно уредбата за субвенционирање на 50% од придонесите, нема фирмата да има право на субвенции ако не го задржи истиот број на варботени состојба 31.03.2020 (Службен весник бр.92 од 06.04.2020/Член 4 став 2, точка б). Побарано е појаснување на уредбата, но и појаснување како да постапиме со ваквите случаи на вработени, бидејќи во целост се почитуваат мерките на владата за спречување од ширење на заразата од една страна, меѓутоа навистина се борат работниот процес непрекинато да функционира со зголемен обем на работа поради настанатата ситуација.
- Воедно пристигнаа многу прашања од нашите членки од сите гранки, а во врска со за Уредба со законска сила за примена на Законот за работните односи која беше објавена во Службен весник на Република Северна Македонија (04.04.2020г.), а во врска со

користењето на неискористениот годишен одмор од календарската 2019 година и првиот дел од годишниот одмор од 2020 годин**.** Прашањето до Влада е дали под вработени опфатени со мерките се мисли на вработените кои се оправдано отсустни и тоа: родител на дете до 10 години и хронично болни и оние во самоизолација и изолација. Нашиот став е дека се мисли на тие вработени, но Ве молиме и за ваша потврда на истото.

- Во врска со дозволите за движење на вработен за време на полициски час и постојаното менување на времето на полициски час, укажувавме дека постојаното изготвување на нови дозволи, во поголемите компании одзема многу време и ангажирање на човечки ресурси кои периодов поголемиот дел работат од дома.Баравме да важат старите дозволи.
- Вработени кои работат во смени имаа проблеми со претставниците на МВР кога патуваат кон и од работното место. Претставниците на МВР бараат покрај издадената дозвола од компаниите согласно вашите препораки, вработените да бидат пријавени во Министерството за внатрешни работи како лица кои имаат потреба од движење за време на полицискиот час за патување до и од работното место. Ова барање на претставниците од МВР нигде не е беше дадено како мерка од страна на Владата. Бравме Министерството за внатрешни работи официјално да извести дека дозволите за вработените од приватниот сектор не треба да бидат пријавени во МВР и Министерството да издаде официјално вакво соопштение на својата веб страница или документ кој нашите компании ќе може да го приложуваат при проверка од страна на полицијата.
- Укажење на недоследности поврзани со начинот на кој 15.07.2020 година беше прогласен како неработен ден заради одржувањето на предвремените парламентарни избори и беше утврдено дека истиот нема да се одработува.
- Барање за дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска подршка на граѓаните и вработените лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашка платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредната состојба. ("Сл. Весник на РСМ" бр. 137 од 27. Мај 2020 год. ) со дејноста 47.71- Трговија на мало со облека во специјализирани продавници
- Повеќе компании од неколку сектори (угостителство, туризам, текстил и др.) во текот на летните месеци имаа зголемен обем на работа, но и поради зголемените отсуства предизвикани од КОРОНА кризата, мораа вработените кои одат на работа да ги ангажираат прекувремено. Поради големиот број на заразени и вработени во изолација и малопродажните објекти мораа вработените да ги ангажираат прекувремено. За разлика од тогаш, денес овие компании имаа голем пад на приходите, но согласно членот 117 став 4 од ЗРО должни беа на вработените кои работеле прекувремено над 150 часа да им исплатат тринаеста плата во висина од една просечна плата во Републиката. Сметавме дека овој зголемен трошок многу негативно ќе се одрази на овие компании, особено што овие последни три-четири месеци од годината имаат голем пад во работењето. Затоа баравме Владата да излезе со заклучок - членот 117 став 4 од ЗРО да не се применува во текот на 2020 година, како еден вид на помош на стопанството за излез од кризата.

- Голем број компании, особено од хотелиерството и некои сезонски дејности, ангажираа вработени на определено работно време за време на летната сезона. Поради ова, овие компании не можеа да го исполнат условот за задржување на бројот на вработени со месец август 2020 година за да добијат финансиска помош од четвртиот сет на мерки за подршка. Овие компании го почитуваа ЗРО и вработените ги ангажираа со Договор за вработување на определено работно време на еден, два или три месеци, наместо да работат на црно или со Договор за дело. Затоа, тие на некој начин се казнети и не можат да добијат финансиска помош иако имаат голем пад на приходите, понекои и до 80% во однос на минатата година. Барамме Владата да го разледа овој проблем и да изнајде некакво решение за овие случаи, особено затоа што во првата верзија на законот кој беше на разгледување пред ЕСС „истекот на договорот за вработување на определено работно време“ не се сметаше за намалување на бројот на работници во членот 7 став 3 од законот.
- Од информации од нашите членки дел од матичните лекари, согласно членот 13 од Законот за здравствено осигурување започнаа да издаваат боледување по основ на изолираност заради спречување на зараза , но голем број од нив не издаваа боледување по основ на изолација, повикувајки се на објавата на веб страната на Фондот и чекајки насоки од Фондот за здравство. Сметаме дека сите матични лекари е потребно да го почитуваат Законот за здравствена заштита и вработените кои се заразени и имаат симптоми да ги ставаат во иста позиција со оние во изолација, а не оние во изолација да бидат привилегирани и да земаат 100% од платата. Дури и за нега на дете до 10 години, мајката зема боледување и и се исплаќа 70% или 90% во зависност од бројот на денови на отсуство. Од друга страна се отвара можност голем број на вработени да го злоупотребуваат институтот „изолација“ и повеќе пати да отсуствуваат од работа по овој основ. Заложба на ОРМ, Владата да донесе заклучок со кој се препорачува висината на надоместокот на плата за привремена спреченост од работа на заболени вработени лица од КОВИД-19, вработени лица кои се во изолација заради спречување на зараза, но се асимтоматични (односно немаат знаци на болест), а за кои е констатирано дека се заболени КОВИД-19, а се вработени во приватниот сектор, да се пресметува и исплатува согласно закон и колективен договор.
- Доставени се предлози за 4 тиот и 5 тиот сет мерки се со цел да се добие по правична и реална помош на компаниите, а се со цел задржување на работните места.




- Учество на ОРМ во работна група за спроведување на активности, поврзани со **Акцискиот план за формализирање на неформалната економија 2018 - 2022 година**.
- Учество на ОРМ во **Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминациа** и реализациа на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област. Во таа насока ОРМ достави свои забелешки во поглед на новиот Закон за недискриминација.
- Учество во **Интер-ресорската група за еднакви можности**
- За развојот на Моделот за прегледот на занимања е формирана **Меѓуинституционална работна група која ги определи приоритетните занимањата опфатени во Работниот план 2018-2021 година,** како и типот на информации што се собираат, извори на информации и начините на дисеминација. ОРМ учествува со свој претставник. Во рамките на првиот приоритет од Националниот акциски план за вработување млади лица 2020 година: „Подобрување на усогласеноста на понудата на вештини со барањата на пазарот на трудот", според исходот 1.1.1. Министерството за труд и социјална политика со техничка помош на Меѓународната организација за трудот во 2017 година изработи **Модел за преглед на занимања**. Прегледот е заснован врз основа на податоци од: Анкетата на работна сила, Анкета за структура на заработувачката, Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот, анкетни истражувања на социјалните партнери.
  Целта на моделот е обезбедување поверодостојни информации за занимањата (работни услови, потребно образование, најчести видови повреди на работното место, суштина на занимањата, просечна месечна нето заработувачка и други релевантни податоци за конкретното занимање), побарувачката на работна сила и влијание на среден и долг рок врз намалувањето на несовпаѓањето на понудата и побарувачката на работна сила. На годишно ниво моделот се ажурира со најнови расположливи податоци. За понатамошно редовно ажурирање и развивање на нови прегледи на занимањата изработена е Методологија и Работен план за периодот од 2018 до 2021 година. **Целта и очекувањата се до крајот на 2021 година да се ажурираат и развијат 75 прегледи на занимања кои ќе бидат достапни на информативниот веб портал: www.zanimanja.mk,** кој е во сопственост на Министерството за труд и социјална политика.

- Учество со свој претставници во тела при **Секторот за европска интеграција и меѓународна соработка** и тоа:
  - Секторска работна група „Образование, вработување и социјална политика".

*Сите работни групи се одвиваа електронски онлајн,согласно препораките за заштита на здравјето во услови на пандемија.*

## Министерството за образование и наука

- Учество во **Националниот совет на Македонската рамка** за квалификации и Секторски комисии
  Важно е да се напомене дека улогата на работодавачите, започнува со импутот во изготвувањето на стандардите за занимања преку учеството во работните групи, во развивањето на нови квалификации со учество како членови со свои претставници во Секторските комисии и во усвојувањето на квалификациите со учеството во највисокото тело за МРК. Целта на вмрежувањето на работодавачите е да можеме да образуваме кадри кои ќе имаат реална потреба  на пазарот на трудот и ќе бидат барани од индустријата, а со тоа ќе се и обезбеди полесно  вработување.

  - **Секторска комисија за електротехника**
  - **Секторска комисија за градежништво и геодезија**
  - **Секторска комисија за хемија и технологија**
  - **Секторска комисија за угостителствои туризам**
  - **Секторска комисија за лични услуги**
  - **Секторска комисија за машинство**
  - **Секторска комисија за економија, право и трговија**
  - **Секторска комисија за земјоделство, ветеринаство о рибарство**
  - **Секторска комисија за текстил, кожа и слични производи**

- Учество во **Одбор за акредитација** високообразовни програми
- Учество во **Одбор за евалуација**

  *Сите работни групи и комисии се одвиваа електронски онлајн,согласно препораките за заштита на здравјето во услови на пандемија.*

## Агенција за вработување на Република Северна Македонија

- Учество во **Управниот одбор на Агенција за вработување** на Р.С. М и во Комисијата од Посебниот фонд по основ на вработување на невработени инвалидни лица

## Фонд за пензиско инвалидско осигурување

- Учество во **Управниот одбор на ФПИО**

## Останати засегнати страни

- Активен член на управниот одбор на проектот Образование за вработување во Македонија E4E@mk.
  Проектот „Образование за вработување во Македонија (Е4Е@мк)" е проект поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка, а имплементиран од страна на Хелветас Македонија, Македонскиот центар за граѓанско образование и Стопанската комора на Македонија. Истиот има за цел да поттикне вработувања во земјата прекуподобрување на стручните вештини кај младите. Проектот предвидува формирање на управен одбор, чијашто задача е да дава мислење за стратешки и политички прашања, како и да ги разгледува и дискутира извештаите за напредок и годишниот план за работа и на тој

начин да обезбеди усогласеност на проектот со релевантните национални стратегии, политики и законодавство.

- Два члена на ОРМ во Насочувачкиот одбор на проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (TRAIEE).
  Иницијативата на Европската унија за градење на капацитетите и подобрување на вештините на градежните професионалци – архитекти, инжинери, како и работници во градежниот сектор е со цел да се постигнат параметрите на ЕУ Стратегијата 2020 за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија во градежниот сектор. Преку активностите во рамките на проектот ќе се иницира прифаќање на надградените вештини на градежните работници од страна на пазарот преку остварување на соработка со различни професионални групи.

## 3. Работата на Управниот одбор на ОРМ во 2020, заклучоци, ставови и прашања за актуелни проблеми и други активности

*Согласно препораките за заштита на здравјето во услови на пандемија,* Седницата на УО и Собранието ја одржавме електронски со писмено изјаснување на мејл, со следниот дневен ред , Усвојување на записникот од 51-та седница

1. Извештај за работењето на ОРМ за 2019 година.
2. Финансиски извештај  на ОРМ за 2019 година.
3. План за работа 2020 година.

## 4. Медиумска присутност и прес-конференции

Од почетокот на прогласување на кризата, Пандемија со КОВИД 19, ОРМ беше во постојан контакт со Владата и институциите и веднаш ги дибиваше информациите и ги проследуваше до целото членство на организацијата.Секојдневно Извршната канцеларија, Претседателот и потпретседателите беа на располагање на членството за информирање,консултирање и комуникација со релевантните институции за полесно надминување на дилемите во услови на кризно работење.Сите предлози доставени од страна на Работодавачите, членки на ОРМ, веднаш беа проследувани до институциите и одговорите проследувани до сите.

Подолу се дел од соопштенијата на ОРМ




**Соопштение до јавноста од ОРМ, април, 2020**

**ОРМ ЌЕ ПРЕДЛОЖИ НОВИ МЕРКИ ЗА БИЗНИСОТ ЗАРАДИ НАМАЛУВАЊЕ НА ШТЕТИТЕ ОД КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКА ОД КОВИД-19**

*Скопје, 16.04.2020 –*од Ковид-19. Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) спроведува анкетно истражување кое треба да даде попрецизна слика за обемот и последиците од намалената економска активност во земјата предизвикана од кризата со пандемијата

Истражувањето се спроведува по електронски пат, преку анкетен прашалник кој е доставен до членките на ОРМ, а истиот е достапен и за останатите компании преку линкот: https://www.surveymonkey.com/r/org-rabotodavaci. Целта е што поголем број микро, мали, средни и големи компании од сите сектори да дадат информации за нивна тековна состојба и мерките што ги преземаат за да ги ублажат проблемите со кои се соочуваат во актуелната криза, како и за видот на поддршка што тие ја очекуваат од Владата.

Врз основа на повратните информации што ќе се добијат преку ова истражување, Организацијата на работодавачи на Македонија ќе ги идентификува итните потреби на бизнисот и соодветно ќе ги преточи во предлози до Владата кои треба да послужат при креирање на новите економски мерки за справување со актуелната криза.

„Нашето предвидување кое се темели на досегашните сознанија и комуникацијата што ја имаме со членките е дека скоро сите компании ќе претрпат одредена штета од кризата предизвикана од Ковид-19. Кај некои тоа ќе биде како резултат на воведените ограничувања и забрани од Владата кои најмногу ги погодија фирмите од услужните дејности, кај други заради отсуството од работа на голем дел од работниците, кај некои пораки застој во снабдувањето со репроматеријали, а кај повеќето заради намалената потрошувачка. Сепак се надеваме дека падот на севкупната економија, изразено преку БДП по жител, ќе биде помал во споредба со поразвиените земји, поради фактот што и пред кризата немавме некои високи стапки на раст и тој се темелеше на растот на индустријата и извозот, а не на огромни инвестициони вложувања во инфраструктурата“, вели претседателот на ОРМ, Ангел Димитров. „Очекуваме дека наскоро пандемијата ќе биде ставена под контрола и

дека Владата час поскоро ќе почне со олабавување на ограничувањата со што постепено ќе се нормализира животот, а во тие рамки и економските текови. Ние како организација сме подготвени и понатаму активно да учествуваме во креирање на плановите и мерките што ќе следуваат во наредниот период“, потенцира Димитров.

Инаку, Организацијата на работодавачи на Македонија уште од почетокот на кризата предизвикана од вирусот Ковид-19, преку учество во националниот економско-социјален совет, националниот совет за безбедност и здравје при работа и други тела, поднесе свои предлог мерки и активности до државните институции, со цел полесно надминување на вонредната ситуација. Значителен дел од предложените мерки од ОРМ беа прифатени од страна Владата и беа преточени во активни мерки и уредби. Таквите се на пример мерките кои се однесуваат на примената на Законот за работни односи во делот на исплатата на платите на работниците во услови кога на компаниите им е оневозможено да работат и да ја обавуваат својата дејност, како и мерките преточени во уредби кои се однесуваат на финансиската поддршка за компаниите и работодавачите од приватниот сектор кои се соочуваат со пад на приходите, а кои ќе овозможат исплата на плати и придонеси за работниците и ќе го спречат загубата на работни места.

Истовремено, ОРМ редовно на својата интернет страница www.orm.org.mk ги објавува сите информации, мерки и уредби на надлежните институции, а нуди и дополнителна асистенција и насоки за сите компании за тоа како да се користат мерките со цел полесно и со помали последици да се надмине оваа криза.

**Соопштение, мај, 2020**

## ТРЕТИОТ СЕТ ВЛАДИНИ МЕРКИ Е ДОБАР, НО БЕЗ МОЖНОСТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА, ОСТАНУВА САМО КАКО ДОБРА ИДЕЈА

Работодавачите веќе имаат изградено став за првиот и вториот сет на економски мерки кои ги донесе Владата, бидејки нај големиот дел од нив веќе се реализираат.
Обезбедените бескаматни кредити преку Развојната банка на Северна Македонија не беа доволни и штета што голем број на компании кои ги исполнуваа условите не можеа да добијат финансиска помош. Но Владата по тоа обезбеди нови средства а исто така и во третиот сет економски мерки се обезбедуваат нови 31 милион евра за подршка на жените, младите и дигитализација во бизнисот.
Што се однесува на вториот сет на мерки, после неколку измени тие ја добија конечната верзија која преставува компромис во кој се земени интересите и на работниците и на работодавачите. Управата за јавни приходи успеа иако со многу труд и мало закаснување да го изготви потребниот софтвер за пресметка на платите и добивањето на субвенцијата од 14.500 денари и на изненадување на работодавачите уплатата на средствата од државниот буџет многу бргу се реализираа.
Се надеваме дека овие мерки ќе допринесат за што по мал број работодавачи ги напуштат вработените и што помал број на компании доживеат стечај и ликвидација. Ова е многу важно, затоа што, новото стартирање на бизнисот на активните компании ќе биде многу по лесно, отколку затварање на стечајната постапка која е долг и макотрпен процес.
Што се однесува на најавениот трет пакет економски мерки иако тој најмногу е насочен кон граѓаните и социјално нај загрозените групи, сепак поголемиот број од нив посредно позитивно ќе влијаат и на стопанството. Сите видови помош на граѓаните преку платежни картички, ваучери или парични износи позитивно ќе влијаат на домашната потрошувачка и на зголемувањето на продажбата на домашни производи и услуги. Затоа е неопходно, при конечното дефинирање на мерките да се внимава тие да се однесуваат за купување на домашни производи или услуги, а не на увозни. Затоа што со купување на увозни производи

ги помагаме странските компании и го нарушуваме билансот на плаќање на Северна Македонија.
Мерките кои директно се насочени кон стопанството би требало да ги надополнат првиот и особено вториот сет на мерки. Така обезбедените нови 31 милион евра преку Развојната банка на Северна Македонија би овозможиле да се стекнат со помош и оние фирми кои поради недостаток на средства не успеаја да ја добијат од првиот пакет на економски мерки. Конечно се планира и државна гаранција за комерцијални кредити за подршка на Старт ап, мали и микро компании-мерка која години наназад ја бараме. Се планирани и 25 милиони евра за нови пазари, конкурентност и модернизација, кои се неопходни за заживување на стопанството после кризата.
Се разбира ова се нашите првични мислења по изнесените мерки, но конечниот став ќе може да го кажеме откако тие ќе бидат преточени во Уредби со законска сила, затоа што во уредбите понекогаш се предвидуваат некои критериуми кои преставуваат пречка за користење на мерките, па така и добри идеи на Владата добиваат лоша реализација. Затоа е неопходно пред нивното конечно објавување Владата да се консултира со бизнис заедницата.

**Соопштение, мај, 2020**

## ОРМ: УРЕДБИТЕ ОД НОВИТЕ ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ДА БИДАТ УСОГЛАСЕНИ СО БИЗНИСОТ

*Скопје, 19.05.2020* – Најавениот трет пакет економски мерки за ублажување на штетите од кризата предизвикана од Ковид-19 пандемијата се очекува да има позитивно влијание врз стопанството. Ова е првичната оценка на Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) врз основа на досега објавени информации од страна на Владата во врска со новиот пакет мерки.

„Конечниот став ќе може да го кажеме откако најавените мерки ќе бидат преточени во Уредби со законска сила, затоа што во уредбите понекогаш се предвидуваат некои критериуми кои преставуваат пречка за користење на мерките, па така и добри идеи на Владата добиваат лоша реализација. Затоа е неопходно пред нивното конечно објавување Владата да се консултира со бизнис заедницата“, изјави претседателот на ОРМ, Ангел Димитров.

Според ОРМ, мерките од третиот пакет кои директно се насочени кон стопанството би требало да придонесат што повеќе компании погодени од кризата да ја одржат својата економска активност и да го рестартираат бизнисот, со што би избегнале стечај, ликвидација и отпуштање на сите свои вработени.

„Со најавените нови 31 милион евра кои во форма на безкаматни кредити би се пласирале преку Развојната банка на Северна Македонија би овозможиле поддршка и за оние фирми кои поради недостаток на средства не успеаја да добијат помош во рамки на првиот и вториот пакет економски мерки. Конечно се планира и државна гаранција за комерцијални кредити за поддршка на старт-ап, микро и мали компании - мерка која години наназад ја бараме, а планирани се и дополнителни 25 милиони евра како поддршка на компаниите за модернизација, зголемување на нивната конкурентност и освојување нови пазари. Ова се мерки кои сметаме дека се неопходни за заживување на стопанството после кризата“, вели Димитров.

Организацијата на работодавачи на Македонија оценува и дека предвидената финансиска поддршка за граѓаните и социјално ранливите групи преку платежни картички и ваучери ќе има позитивно влијание на домашната потрошувачка и на зголемувањето на продажбата на домашни производи и услуги.

„Неопходно е при конечното дефинирање на овие мерки да се внимава тие да се однесуваат за купување на домашни производи или услуги, а не на увозни, затоа што доколку државата го стимулира купувањето на увозни производи ќе го зголеми трговскиот дефицит, ќе го наруши платниот биланс на земјата и ќе се намали очекуваниот позитивен ефект врз домашната економија", смета претседателот на ОРМ.

ОРМ е единствен репрезентативен член на работодавачите во националниот економско-социјален совет, каде уште од почетокот на актуелната криза поднесува предлози за полесно надминување на последиците врз домашната економија. Истовремено, ОРМ редовно на својата интернет-страница www.orm.org.mk ги објавува сите информации, мерки и уредби на надлежните институции, а нуди и дополнителна асистенција и насоки за сите компании за тоа како да се користат мерките, со цел полесно и со помали последици да се надмине оваа криза.

Активностите на Организацијата на работодавачи на Македонија се поддржани од Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог", што е финансиран од Европската Унија, а го спроведува Меѓународната организација на трудот (МОТ).

**Соопштение, јуни, 2020**

## ОРМ: ШТЕТИТЕ ВРЗ БИЗНИСОТ ЌЕ БИДАТ УШТЕ ПОГОЛЕМИ ДОКОЛКУ СИТУАЦИЈАТА СО КОВИД-19 НАСКОРО НЕ СЕ ПОДОБРИ

*Скопје, 04.06.2020* – Кризата предизвикана од Ковид-19 пандемијата има големо влијание на 82% од македонските компании. Девет сектори во кои се ангажирани 62% од вкупниот број вработени во стопанството се најмногу погодени од кризата, а дури 40 000 работни места се наоѓаат во непосреден ризик. Без адекватни мерки и поддршка за овие компании и вработени, сегашната стапка на невработеност во земјата ќе се зголеми и до пет процентни поени.

Ова се дел од резултатите од анкетното истражување што го спроведе Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) меѓу домашните компании, како основа за изготвување на неодамна објавениот извештај за брза процена на влијанието на Ковид-19, изработен Меѓународната организација на трудот (МОТ), преку проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог" финансиран од Европската Унија.

Во деветте најпогодени сектори од кризата предизвикана од Ковид-19 пандемијата се: услужните дејности, особено оние поврзани со храна и пијалаци; секторот на; транспортот и складирањето; преработувачката индустрија, особено производството на прехранбени производи; и градежништвото. Дури 43% од компаниите во овие сектори, особено микро и малите претпријатија, пријавиле пад на приходите за половина или повеќе, а 11% привремено прекинале со работа. Околу половина од анкетираните компании изјавиле малопродажба дека нивната компанија нема да го „преживее" третиот квартал од оваа година доколку ситуацијата со кризата значително не се подобри.

„Оценка на најголемиот дел од компаниите кои учествуваа во истражувањето е дека досегашните економски мерки на Владата за поддршка во време на Ковид-19 кризата беа навремени, но дека големината на обезбедената поддршка и времетраењето на мерките нема да бидат доволни за да се постигнат посакуваните ефекти", вели претседателот на ОРМ, Ангел Димитров.

Над 70% од анкетираните компании сметаат дека државната помош за исплата на платите на вработените треба да продолжи и до шест месеци, а повеќе од половината од компаниите се искажале дека треба да се обезбедат дополнителни даночни олеснувања во

делот на персоналниот данок, данокот на добивка и ДДВ, како и да се зголеми обемот на бескаматни кредити кои би биле пласирале преку Развојната банка на Северна Македонија кои треба да придонесат што повеќе компании погодени од кризата да ја одржат својата економска активност, со што би избегнале стечај, ликвидација и отпуштање на вработените.

„Заедничко укажување на компаниите кои учествуваа во истражувањето е дека распределбата на државните средства и кредити во рамките на владините програми за поддршка треба да се прави на фер и транспарентен начин“, потенцира Димитров.

Инаку, споменатиот извештај за брза процена на влијанието на Ковид-19 содржи 11 препораки за поддршка на работниците, компаниите и граѓаните, кои се разгледуваат во рамки на трипартитниот социјален дијалог меѓу владата, работодавачите и синдикатите.

ОРМ е единствен репрезентативен член на работодавачите во националниот економско-социјален совет, каде уште од почетокот на актуелната криза поднесува предлози за полесно надминување на последиците врз домашната економија. Истовремено, ОРМ редовно на својата интернет-страница www.orm.org.mk ги објавува сите информации, мерки и уредби на надлежните институции, а нуди и дополнителна асистенција и насоки за сите компании за тоа како да се користат мерките за полесно и со помали последици да ја надминат актуелната криза.

**Соопштение, јуни,2020**

## ОРМ ОЧЕКУВА УСПЕШНИ ИЗБОРИ И БРЗО ФОРМИРАЊЕ НА СТАБИЛНИ ИНСТИТУЦИИ КОИ ЕФИКАСНО ЌЕ СЕ СПРАВАТ СО ЕКОНОМСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД КОВИД-19 КРИЗАТА

*Скопје, 19.06.2020* – Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) ги повикува политичките партии што учествуваат на претстојните парламентарни избори, во своите изборни програми да понудат конкретни решенија за надминување на економските и социјалните последици од Ковид-19 пандемијата. ОРМ очекува изборите да бидат успешни и да овозможат брзо формирање на стабилни институции кои, преку ефективен социјален дијалог со работодавачите и синдикатите, ќе креираат адекватни економски мерки и политики за надминување на актуелната криза.

Резултатите од анкетата што неодамна ја спроведе ОРМ покажаа дека Ковид-19 кризата има големо влијание кај над 80% од домашните компании, а дури 40.000 работни места се наоѓаат во непосреден ризик. Над 70% од анкетираните компании сметаат дека за да ја одржат својата економска активност потребно е да продолжи државната помош и истата да се прошири со даночни олеснувања и дополнителна кредитна поддршка.

„Анкетата јасно покажува дека бизнисот смета на понатамошна поддршка од државата во надминувањето на последиците од актуелната криза, што станува сосема јасно дека ќе биде долготрајна и ќе зафати многу сектори. За да се даде соодветен одговор на тековните и идните предизвици неопходни се силни институции, а предуслов за тоа е брзо формирање на стабилна Влада и функционално Собрание кои ќе работат на реализација на економска програма која ќе содржи ефикасни решенија за наминување на последиците од актуелната криза и враќање на патеката на економски раст. За да се креира и спроведе ваква економска програма неопходно е политичките партии уште во изборната кампања да ја стават економијата како еден од врвните приоритети и да понудат јасни и конкретни предлози“, вели претседателот на ОРМ, Ангел Димитров.

Истовремено, ОРМ апелира до своите членки и целокупниот бизнис сектор во земјата да преземат одлучни чекори со кои ефикасно ќе ги адаптираат своите деловни активности и процеси кон економските текови предизвикани од новата реалност.

„Јасно е дека како бизнисмени и претприемачи се соочуваме со предизвици кои се без преседан во поновата историја на човештвото. Токму ваквите предизвици би требало да претставуваат дополнителен мотив и поттик за будење на претприемачкиот дух и инвентивноста, особено кај младите, но и кај поискусните бизнисмени. Бизнисот не може и не треба да се „потпира“ единствено на поддршката од државата. Сега е време кога треба да се делува похрабро, па дури и по цена за зголемен деловен ризик, во внесувањето на промени во работењето, во реализација на нови инвестиции и деловни потфати што ќе ја зголемат продуктивноста, ефикасноста и ќе отворат нови перспективи за развој на бизнисот во новата реалност“, смета Димитров.

Организацијата на работодавачи на Македонија е единствен репрезентативен член на работодавачите во Националниот Економско-Социјален Совет, каде уште од почетокот на актуелната криза поднесува предлози за полесно надминување на последиците врз домашната економија. Активностите на ОРМ се поддржани од Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“, што е финансиран од Европската Унија, а го спроведува Меѓународната организација на трудот (МОТ).

## 1. Добиени решенија за репрезентативност на ОРМ на национално ниво и по гранки

**Формирани здруженија**

Во склоп на досегашното работење на ОРМ формирани се следниве здруженија: Здружение за комунални дејности (во мирување), Здружение за тутунско стопанство, Здружение за текстилна индустрија, Здружение за кожарска и чевларска индустрија, Здружение за заштитни работилници, Здружение за угостителство и кафетерии, Здружение за земјоделство и прехрамбена индустрија, Здружение за градежништво и производство на градежни материјали, Здружение за хемиска индустрија и Здружение за хартија, графичка дејност, Здружение за финансиско посредничка дејност-банки и осигурителни и независни регулаторни тела, Здружение за трговија на големо и мало и Здружение за енергетика.

**Согласно член 213 од ЗРО, во 2020 година ОРМ ги доби следниве решенија за репрезентативност**

- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи за територија на РМ
- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи на ниво на приватен сектор
- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи на ниво на гранка односно оддел и тоа за :
    - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
    - Финансиски дејности и дејности на осигурување
    - Произвоство на тутунски производи
    - Производство на прехранбени производи
    - Производтво на текстил и обека
    - Производство на кожа и слични производи од кожа
    - Производство на хартија и производи од хартија
    - Производство на хемикалии и хемиски производи, фармацевски производи, гума и пластични маси
    - Други услужни дејности, дејности врз база на зачленување (заштитни друштва кои вработуваат инвалидизирани лица)
    - Производство на фабрикувани метални производи освен машини и опрема

- Трговија на големо и мало
- Градежништво
- Земјоделство, растително и животинско производство
- Објекти за сместување и сервисни дејности со храна.

## 2. Учество на меѓународна конференција

Заради пандемијата КОВИД-19 не се одржа 109-та Годишна конференција на МОТ во Женева.

### Учество на претставници на ОРМ на конференции, семинари и обуки

- Сите конференции и семинари се одржуваа он лајн заради препораки за заштита и спречување на зараза КОВИД 19.

## 3. Активности на ОРМ по проекти

### Проект "Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ"

Овој проект се спроведува во периодот од 15-ти декември 2017 до 15-ти Јуни 2020 година, каде носител на проектот е МЗЗПР, а директни партнери се ОРМ и ССМ. Главната цел на проектот е да се подобри вклученоста и зајакнувањето на влијанието на организациите на граѓанското општество во спроведувањето на клучните реформи во безбедноста и здравјето при работа, како и дијалогот и партнерството со регионалните граѓански организации од ИПА регионот. Специфична цел на проектот е подинамично граѓанско општество преку вмрежување, застапување, долгорочно стратешко организационо планирање и поттикнување на нивото на вклучување на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки во врска со безбедни и здрави услови за работа.

Во периодот јануари – декември 2020 ОРМ активно учествуваше, како директен партнер, во спроведувањето на сите активности во рамките на проектот каде што една од целните групи се организациите/здруженијата/ентитетите кои се членови на Националниот Совет за Безбедност и здравје при работа.

Согласно договорот на проектот, на 15-ти јуни,2020 година заврšија проектните активности и на вработениот од ОРМ на проектот Ѓоко Вукановски му заврши проектниот ангажман, а заради настанатата кризна состојба со пандемијата и последиците по економијата и финансиите, не можевме да го задржиме како организација да продолжи да работи во ОРМ,без дополнителни средатва од проект.






- Проект „Премостување на меѓугенерациски јаз - Развој на иницијативи на социјалните партнери за управување со предизвици поврзани со возраста“

Проектот „Премостување на меѓугенерациски јаз - Развој на иницијативи на социјалните партнери за управување со предизвици поврзани со возраста“, е предводен од Конфедерацијата на унгарски работодавачи и индустријалци (MGYOSZ-Business Hungary), кофинансиран од Европската комисија, обединува седум европски работодавачи организирани во Унгарија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Северна Македонија, Словачка и Романија, за да ги проучат различните аспекти на меѓугенерациските проблеми и предизвици, како и соочување со работодавачите и вработените на работните места. Целта на студијата е да се презентираат најдобрите практики на компанијата, колективните договори и другите форми на соработка помеѓу работодавачите и синдикатите, кои го поттикнуваат активното стареење преку меѓугенерациски решенија на работното место што доведуваат до ангажирање на вработените.

Европските социјални партнери го покренаа прашањето за активно стареење како доживотно процес во нивниот автономен рамковен договор за „Активно стареење и меѓугенерациски пристап“. Потписниците (Businesseurope, SME United, CEEP и ETUC) ги охрабруваат своите членови (организации на работодавачи и синдикати) да ги проучуваат овие проблеми во нивните земји и да направат заеднички чекори за подигање на свеста за специфичните проблеми во земјата во врска со активното стареење, како и поттикнување на активно стареење во нивните колективни договори на компанијата и на секторско ниво.

ОРМ сподели со своите членки анкетен прашалник врз основа на кој беше подготвен Национален извештај - Северна Македонија: Управување со меѓугенерацискиот јаз. Националниот извештај и Компаративна анализа која ќе даде увид на состојбата во Унгарија,

Хрватска, Словенија, Црна Гора, Северна Македонија, Словачка и Романија достапни се онлине на интернет страната на ОРМ и www.agegap.eu.

- ### Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“

Проектот се спроведува во периодот 1 јануари 2019 - 30 јуни 2021 година, каде носител на проектот е Меѓународна организација на трудот финансиски поддржан од страна на Европската унија. ОРМ како партер во проектот е директно вклучена во спроведување на третата компонента.

Проектот кој го спроведува Меѓународна организација на трудот, а финансиски е поддржан од страна на Европска Унија има за цел да го подобри социјалниот дијалог како средство за создавање повеќе и подобри работни места. Проектот ќе го поддржи учеството на институциите за социјален дијалог во креирањето политики на национално и локално ниво и ќе ја поттикне практиката на редовни консултации преку националните и локалните економско-социјални совети. Ќе создаде услови социјалните партнери да бидат подобро подготвени за да обезбедат квалитетни совети за политиките и да обезбедат услуги насочени кон побарувачката.

Проектот се состои од три конкретни компоненти, имено:

Конкретна цел 1: Зголемено учество на Економско-социјалниот совет во обликување на националната агенда за економско-социјални реформи.

Конкретна цел 2: Зајакнато учество на локалните економско-социјални совети во формулирање и спроведување на локалните политики за вработување.

Конкретна цел 3: Зголемена ефективност на синдикатите и на организациите на работодавачи.

Во рамки на повикот беше отворен повик на кој може да учествуваат синдикати и организации на работодавачи во насока за јакнење на нивните капацитети и услуги кои ги нудат. ОРМ аплицираше на повикот за субгрантирање и доби позитивен одговор за финансиска поддршка на два проекти: Е-платформа и Истражување на плати.

### *Проект: Е-Платформа - договор бр. 40311457/0*

Интернет-платформата за онлине учење е релевантна алатка која како услуга ОРМ ќе понуди на своите корисници (членови и потенцијални членови) преку Интернет.

Главната цел на проектот е: да се дадат нови можности на членовите и на потенцијалните членови на ОРМ за развој на човечки потенцијал преку создавање на база на податоци за развој и понатамошно искористување на електронските алатки, како развој на е-платформа за зајакнување на процесите на учење и развој на деловни врски и поддршка на пилот модули за исходите од учењето. Со имплеметација на овој проект ќе се иницира креирање нова услуга т.н.  Е– платформа која ОРМ ќе ја понуди на своите членови и привлекување нови на потенцијални членови односно компании кои се заинтересирани за добивање на ваков тип услуга. Имено за таа цел беше изработен бизнис план за видливост и користење на е-платформата како алатка за проширување на членството на ОРМ.

Имено, во рамки на проектот беше подготвена Е-платформа т.н Едукативна трениг платформа на Организацијата на работодавачи на Македонија http://www.etp-orm.org.mk/ која содржи база на податоци, електронско пребарување за приоритизирање на теми на е-обуките потребни за корисниците на ОРМ и платформа за е-учење. Преку редовно пополнување на платформата за е-учење со релевантни податоци за тековните активности на ОРМ ќе иницира зголемување на инфомираноста на членките на ОРМ и привлекување на нови потенцијални членови.




Дополнително, со овој проект ќе се развијат демо е-обуки од областа на трудовата сфера, како и имплементација на webinar за засегнатите страни од ОРМ, за дисеминација и искористување на резултатите од спроведените активности во рамките на проектот. Во тек е подготовката на две обуки кои ќе бидат поставени на Едукативната тренинг платформа за безбедност и здравје при работа и обука за законот за работни односи.

*Проект: Истражуавање на плати - договор бр. 40311456/0*

Главната цел на проектот е: да се зајакне капацитетот на ОРМ преку промовирање на нов иновативен пристап – Истражување на плати како услуга што им помага на компаниите да добијат релевантни информации за пазарот со цел да се прилагодат на условите на пазарот на трудот и да го оптимизираат нивниот човечки капитал и постојано да ги надградуваат и рафинираат политиките за иден развој.

Со имплеметација на овој проект ќе се иницира креирање нова услуга - истражување на плати која ОРМ ќе ја понуди на своите членови и привлекување на нови потенцијални членови односно компании кои се заинтересирани за добивање на ваков тип услуга. Притоа, проектот ќе овозможи градење на долгорочни односи со компании токму преку промоција на истражувањето на плати т.н „конкурентнаПЛАТА“ како нова услуга за компаниите во Македонија.

Продажната брошура „конкурентнаПЛАТА“ беше изготвена со цел да се ов озможи јасен преглед на методологијата, пристапот на истражувањето кој ќе биде користен и пакетите за учество во истражувањето и видовите на извешати.






Пакети за учество во истражувањето и видови на извештаи

1. ОСНОВЕН - Можност за организациите кои ќе учествуваат во истражувањето со свои податоци да добијат бесплатен пакет од избрани извештаи за 3 позиции и од останатите општи информации од истражувањето.
2. ТОП 10, ТОП 5 и ТОП 2 - Можност за купување на неколку различни пакети за групи од 10, 5 или 2 работни позиции.
3. ПАРТНЕР+ - Компании кои ќе се обврзат дека следната година ќе учествуваат во истражувањето со свои податоци во истражувањето и сакаат да ги добијат сите извештаи од истражувањето.
4. ПАРТНЕР - Можност за добивање на извештаи според потребите на учесниците или организациите кои се заинтересирани да ги користат.
5. ПРЕМИУМ+ - Компании кои учествуваат во истражувањето со свои податоци и сакаат да ги добијат сите извештаи од истражувањето.
6. ПРЕМИУМ - Компании кои не учествуваат со свои податоци во истражувањето, но сакаат да ги добијат сите извештаи од истражувањето.

Ценовник за продуктите од истражувањето:

Во табелата се претставени продуктите и цените со напомена дека:

- **Во првата година на истражувањето, ПРОМОТИВНО цените се 50% пониски од редовните цени во ценовникот.**

Со тоа се стекнувате со можност за извонредно ниски цени за ваков вид на продукт непосредно да ја искусите вредноста на продуктот и да си обезбедите долгорочна предност за вашата организација.

50 % OFF

| Назив на пакетот | Редовна цена за 1 година | *Цена за членови на ОРМ | Задолжително учество со свои податоци | | Извештаи вклучени во пакетот | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2020 | 2021 | Воведен дел | Целосен извештај 2020 | Целосен извештај 2021 | Број на позиции |
| ОСНОВЕН | бесплатно | бесплатно | ✓ | | ✓ | | | 5 |
| ТОП 2 | 7.500 | 6.000 | | | | | | 2 |
| ТОП 5 | 15.000 | 12.000 | | | | | | 5 |
| ТОП 10 | 30.000 | 24.000 | | | ✓ | | | 10 |
| ПАРТНЕР+ | 50.000 | 40.000 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | сите |
| ПАРТНЕР | 55.000 | 44.000 | ✓ | | ✓ | ✓ | | сите |
| ПРЕМИУМ+ | 65.000 | 52.000 | ✓ | | ✓ | ✓ | | сите |
| ПРЕМИУМ | 85.000 | 68.000 | | | ✓ | ✓ | | сите |

*Цените се во МКД

Дополнително, имајќи ја во предвид состојбата со пандемијата Канцеларијата на ОРМ во соработка со Степ уп во перидот јануари – март организираше онлине презентации на која учествува повеќе од 60-тина претставници од заинтересирани компании за учество во истражувањето. Рокот за пријавивање на компаниите за учество во истражувањето беше 23 март, за да потоа се пристапи кон прибирање на податоци и анализа на истите.

Оваа услуга на ОРМ е значајана од причина што истражувањето на плата е важна алатка наменета за работодавачите за да ги утврдат платите на вработените и да донесат стратешки одлуки, благодарение на информациите што доаѓаат директно од компаниите присутни на пазарот на трудот. Опсегот на плати се одредува според пазарните стапки на платите утврдени преку истражувања на плати на пазарот, за луѓе кои вршат слична работа. Ова истражување треба да придонесе за одлуки засновани на истражување и да се воспостават други компатибилни системи за подобрување на конкурентноста преку соодветно управување со човечките ресурси.

### *Проект: Аналаза и Извештај на влијанието на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 врз претпријатијата во Северна Р.Македонија*

ОРМ во сосработка со Меѓународната организација на трудот (МОТ), а со цел брзо да одговори на новонастанатата состојба во Северна Македонија (и ширум светот) предизвикана од пандемијата на КОВИД-19 и да обезбеди податоци за подобро и оптимално формулирање антикризни мерки спорведе анализа и подготви Извештај на влијанието на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 врз претпријатијата во Северна Р.Македонија. Извештајот покажа дека кризата ги погоди речиси сите претпријатија, иако со различна брзина и различна мера. Бројни сектори страдаа откако владата ги донесе првичните мерки за спречување на ширењето на пандемијата, пред сè, безбедносните мерки со ограничено движење и затворање, полицискиот час и забраната за патување. Ресторантите, образовните институции, туризмот и транспортот беа меѓу најпогодените од

кризата, бидејќи беа директно погодени од рестриктивните мерки за спречување на ширењето на вирусот. Очигледно, поголемите интервенции на владите беа и ќе бидат неопходни за да се задржи повисоко ниво на економска активност, да се избегнат масивни отпуштања и да се обезбеди социјална заштита за најранливите граѓани. Како и во останатите земји во светот, Владата на Република Северна Македонија презеде одредени антикризни мерки како одговор на шоковите врз македонската економија, претпријатијата и граѓаните. Извештајот нуди препораки за подобрување на владиниот антикризен одговор што сè уште е релевантен и значаен со оглед на отпорноста на КОВИД-19 и владината најава на нов, четврт пакет антикризни мерки.

Изготвиле,

Белинда Николовска
Светлана Ристовска -Антиќ
Дона Димов

**Претседател**
**Ангел Димитров**